## *СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе*

# *Кодекс за однесување на учениците за далечинско следење на настава*

# *од СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе*

*Во училиштето како воспитно-образовна институција учествуваат учениците, наставниците, родителите и другите фактори со чие взаемно дејствување се реализира воспитно- образовниот процес.*

*Во училиштето на секој ученик му се овозможуваат услови за стекнување на научни вистини кои ќе бидат дел од неговата свест и ке бидат мотив за негово практично работење.*

*Ученикот во училиштето претставува активен субјект кој има своја улога, свои права но ,и свои обврски и должности кои треба да ги остварува.*

*Со запишување на ученикот во училиштето секој ученик се обврзува да ги почитува правилата на овој кодекс.*

*За непочитување на правилата од кодексот се преземаат и изрекуваат педагошки мерки кои се регулирани со Законот за средно образование и со Статутот на училиштето.*

*Согласно протоколот и препораките за заштита од корона вирус Ковид-19 кодексот за следење на настава од далечина (онлајн) за учениците се дополнува со следните точки:*

*Во воспитно образовниот процес прилагоден на следење на настава од далечина (онлајн) ученикот треба:*

- *Учениците се должни редовно да присуствуваат на онлајн наставата;*
- *Учениците се должни да не пречат во реализација на наставата;*
- *За време на наставните часови учениците да бидат дисциплинирани и работно ангажирани и активни т.е. да има работна атмосфера;*
- *Учениците да имаат пристоен однос и комуникација со своите соученици, а особено со наставниците;*
- *За секое сторено добро дело и постигнат успех учениците ке бидат пофалувани а, за непочитување на куќниот ред и кодексот на однесување ќе се применуваат соодветни педагошки мерки*
- *Забрането е користење на мобилен телефон на час*
- *Учениците имаат обврска редовно да присуствуваат на часовите и да бидат вклучени во наставниот процес;*
- *Помеѓу учениците не смее да има дискриминација на национална, полова, етничка и верска основа*
- *Забрането е навредување и омаловажување на учениците врз основа на материјалниот и социјалниот статус*
- *Учениците треба да развиваат позитивни особини на личноста како што се: несебичност, чесност, искреност...*